**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-2735/2**

# З А П И С Н И К

**Од 87-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 14.05.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов, Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека .

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Наталија Пејовска-Стручен соработник во Сектор за правни работи.

Седницата започна во 11:15 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 86-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Информација за мислењето на Владата по однос на Годишниот извештај за работа на ЈРП МРТ за 2018 година.

3. Информација за псимото од ЕБУ во врска со барањето на Програмскиот совет на МРТ испратено на 10.12.2018 година.

4. Разгледување на Барање од Димча Петковски управител на АРГУС Дооел-Скопје.

5. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 86-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 86-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 86-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 86-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Информација за мислењето на Владата по однос на Годишниот извештај за работа на ЈРП МРТ за 2018 година.**
Пред присутните членови по оваа точка беше доставен пишан прелог демант односно реакција од страна на Програмскиот совет на МРТ по однос на мислењето на Владата по Годишниот извештај за работа на ЈРП МРТ за 2018 година.
Претседателката на советот побара од членовите освен по тестот на реакцијата да дадат и предлози како истото да биде обајвено до јавноста во каква форма и на каков начин да биде приложено.
Членот Ристе Панов во продолжение го прочита пред членовите Мислењето од 134-та седница на Владата на РМ по однос на Годишниот извештај за работата на ЈРП МРТ за 2018 година, како и членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој е потенциран во самото мислење од Владата.
Членот на советот Снежана Клинчарова истакна по однос на текстот на реакцијата од Програмксиот совет дека првиот пасус треба да се избрише однсоно делот за надлежноста на Владата по однос на финансиите и да се потенцира само делот на надлежностите врз програмските и професионални стандарди на МРТ.
Ведат Мемедалија исто така со став дека треба да се преформулира делот за надлежностите во демантот и како таков да се испрати како реакција на мислењето на Владата.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет предложи демантот односно реакцијата од страна на Програмскиот совет на МРТ по однос на мислењето на Владата по Годишниот извештај за работа на ЈРП МРТ да биде преработен.

***Реакција на Програмскиот совет на МРТ за мислење на Владата на РС Македонија за Годишниот извештај за работата на Македонската радио телевизија за 2018 година***

*Програмскиот совет на ЈРП „Македонска радио-телевизија“ реагира на квалификациите изнесени на 134 седница на Владата на РС Македонија по однос на Годишниот извештај за работата на Македонската радио-телевизија за 2018 година.*
*Владата во искажаното мислење за годишната програма тврди дека не се почитувале стандардите и начелата утврдени со член 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*
*Надлежно тело за мониторирање на работата на ЈРП „Македонска радио-телевизија“ е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во извршените редовни и вонредни програмски надзори, во 2018 и 2019 година, Агенцијата не констатира прекршување на членот 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Напротив, дел од констатациите се дека ЈРП „Македонска радио-телевизија“ „се држеше до принципот на еднаквост“, „принципиелниот, рамномерен уредувачко-новинарски приод“ и слично.*
*ЈРП „Македонска радио-телевизија“ е јавен медиумски сервис, независен од Владата, така што со оценката за професионалните стандарди на медиумите од страна на Владата таа излегува од својата надлежност и ја презема работата на регулатор на медиуми, со што врши притисок врз независноста на ЈРП „Македонска радио-телевизија“.*

●Вака усогласена Конечната верзија на писмото со реакција на Програмскиот совет на МРТ за мислењето на Владата РСМ по Годишниот извештај за работата на МРТ за 2018 година беше ставена на гласање и беше **едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Информација за псимото од ЕБУ во врска со барањето на Програмскиот совет на МРТ испратено на 10.12.2018 година.**
Претседателката на советот предприсутните го прочита писмото од ЕБУ пристигнато до МРТ а во врска со предходното барање на Програмскиот совет на МРТ.
Во истото беше аведено дека не достасува англиска верзија на новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и дека од таа причина не биле во можност да дадат експертиза на самиот закон како што беше побарано од нив.
Поради тоа беше предложен Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ му укажува Директорот на МРТ во врска со писмото од ЕБУ пристигнато до Програмскиот совет на МРТ,а по однос на новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,да ги задолжи службите истиот да го преведат на англиски јазик и како таков да биде повторно испратен до ЕБУ.
Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разгледување на Барање од Димча Петковски управител на АРГУС Дооел-Скопје**.
Воведно излагање по оваа точка даде Наталија Пејовска Стручен соработник во Сектор за правни работи која објасна процедурата за поради која Димча Петковски дава оставка од дооелот Аргус и дека во законски рок Програмскиот совет ќе треба да назначи нов управител.
Горан Атанасов посочи дека на предходната седница на Надзорниот одбор доставено е од страна на Директорот на МРТ барање за отпочнување на иницијатива за ликвидација на дооелите и дека истата ќе дојде и на разгледување и пред Програмскиот совет.
По расправата по оваа точка Програмскиот совет на МРТ се прогласи како ненадлежен да ја констатира оставката на Димча Петковски од управител на АРГУС Дооел-Скопје.

ТОЧКА 5:**Разно.**
По однос на оваа точка не се одвиваше никаква расправа.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател